Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 14-985/13
14.05.2021 год.
Скопје

985

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / E pranuar: 14.05.2021
Орг. Един. / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera
14-985/13

# Записник од 27-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online седница | | |
| **Датум** | 07.04.2021 година | **Време** | 17.30 – 18:30 часот |
| **Бр. на седница** | 27-ма седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Сања Фрковиќ Гелевска (Канцеларија на ЕУ во Скопје) | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов, Ангел Симов и Букурије Јашари Мемети (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 31.03.2021 година,
2. Усвојување на коментари и предлози по однос на доставениот нацрт-извештај за Студијата за DESI индикаторите во државите од WB6, подготвен од RCC ;
3. Подготовка за идниот состанок со претставници од АЕК;
4. Разно

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов ја отвори 27-та редовна online седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, го претстави предложениот дневен ред за седницата кој беше усвоен од членовите на НКБК.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 26-та седница одржана на 31.03.2021 година, со внесени забелешки на членот Славица Настеска.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во врска со втората точка, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, отвори дискусија по однос на коментарите и предлозите за доставениот нацрт-извештај за Студијата за DESI индикаторите во државите од Западен Балкан, подготвен од RCC. Согласно заклучокот од минатата седница, членовите на НКБК врз основа на надлежностите можеа да доставаат свои забелешки по однос на нацрт извештајот, со цел до RCC да се достави одговор.

По завршувањето на дискусијата Буковалов ги стави на гласање коментарите и забелешките.

**Заклучок:** НКБК едногласно ги усвои коментарите и предлозите по однос на доставениот нацрт-извештај за Студијата за DESI индикаторите во државите од

Западен Балкан, подготвен од RCC. Забелешките на НКБК по однос на нацрт извештајот ќе бидат доставени до министерот и заменик министерот за информатичко општество и администрација и ќе бидат поставени на веб страната на НКБК.

На барање на преставникот од Канцеларија на ЕУ во Скопје, исто така ќе им бидат доставени усвоените коментари и забелешки.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на третата точка, Буковалов отвори дискусија за идниот состанок со претставници од Агенцијата за електронски комуникации. Тој појасни дека на состанокот ќе се дискутира за цените за бродбенд услуги кои ги обезбедуваат операторите, за додавање на урбани и рурални области во Системот на АЕК за поддршка на имплементација на НОБП (согласно податоци од Заводот за статистика), потоа за додавање локации на малите и средни компании во Системот за поддршка на имплементација на НОБП (согласно податоци од Централен регистар), како и за следното мапирање кои ќе се прави на постојни и планирани мрежи да се вклучат т.н " very high capacity network", согласно дефинициите во регулативите на ЕУ.

Славица Настеска истакна дека во Агенцијата за електронски комуникации е завршена јавната расправа за предлог документите: Анализа на пазарите за брзина на интернет пристап и Измена на Правилникот за услугите опфатени со универзална услуга. Коментарите се пристигнати од двата оператора А1 Македонија и Македонски Телеком. Ова треба да се има предвид на состанокот со Агенцијата за дискусијата поврзана со цените за бродбенд услуги кои ги обезбедуваат операторите.

**Во рамките на точката „Разно„** претседателот на НКБК, Буковалов, информира дека во Службен весник е излезена Предлог одлуката за формирање Меѓуресорска работна група за меѓусебно усогласување и измена на законите и подзаконските акти поврзани со градење и електронските комуникации. До надлежните институци ќе бидат доставени дописи за номинирање на свои претставници кои ќе бидат дел од работната група., по што ќе следи донесување Решение од страна на Владата.

Буковалов, исто така, информира дека следната недела ќе оствари средба со директорот на ЈП Македонска радиодифузија на негово барање.

Претседателот на НКБК најави дека ќе се почне и со подготовка на Информација за усвојување на правила за поставување на кабелска канализација финансирана со јавни средства како и користење на постоечката.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________